**ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБА СО ГОЛЕМА КАШЛИЦА**
**ВО Р.СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2024/25 ГОДИНА, ЗАКЛУЧНО СО 16.01.2025**

## Неделни податоци

Во периодот од 10.01-16.01.2025 година, пријавени се два случаи на голема кашлица, за разлика од претходниот седмодневен период кога не беше пријавен ниту еден нов случај. Станува збор за две деца од Скопје, едното на возраст од 5 месеци и невакцинирано, пријавено на 10.01.2025, а второто на возраст од 4 години, комплетно вакцинирано, пријавено на 13.01.2025. Двете деца се амбулантски лекувани.

## Кумулативни податоци

- Во периодот 2024/25 година, заклучно со 16.01.2025, на територијата на Р.С. Македонија, регистрирани се вкупно 1.176 лица, заболени од голема кашлица, со инциденца од 64/100.000 жители.
- Најголем број од заболените лица се регистрирани на територија на Скопје (70,5%), а заболени се регистрирани и во 22 други градови низ РСМ.
- На ден 14.01.2025, пристигната е одјава на епидемијата во Куманово со вкупно регистрирани 107 заболени лица и инциденца од 102,5/100.000. Последниот пријавен случај е регистриран на 18.11.2024 година.
- Сѐ уште, во тек е епидемијата на територијата на град Скопје.
- Највисока инциденца од 265,1/100.000 жители се регистрира во Кратово, во Скопје (136,6/100.000) и во Куманово (102,5/100.000).
- Најголем број од заболените припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (37%), а највисока инциденца се бележи во возрасната група под 1 година и изнесува 1.566,4/100.000 жители.
- Од вкупниот број на регистрирани случаи (1.176), 745 случаи (односно 63,5%) не биле вакцинирани, не се комплетно вакцинирани согласно возраста или немаат доказ за вакцинација.
- Од случаите кои се комплетно вакцинирани (n=301), просек на поминато време од последната доза на вакцина до заболување изнесува 13,7 години.
- Вкупно е хоспитализиран 191 случај, од кои најголем дел припаѓаат на возрасната група од 0-4 години (n=168, 88%), кои во просек биле хоспитализирани по 8 денови.
- Од пријавените 1.176 случаи, лабораториски се потврдени 1.173.
- Од 18.01.2024 – 16.01.2025, на територијата на РСМ **дадени се вкупно 94.822 дози на вакцина која содржи компонента против голема кашлица**.

**Оддел за епидемиологија на заразни заболувања**

**17.01.2025** **Институт за јавно здравје на РСМ**